# ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Процедура за суспендирање и повлекување на акредитацијата

# Suspension and withdrawal of the accreditation

**ПР 10-01**

Содржина

**1 . ЦЕЛ**
**2 . ПРИЧИНИ ЗА СУСПЕНДИРАЊЕ И ПОВЛЕКУВАЊЕ НА АКРЕДИТАЦИЈАТА**

**2.1 Суспендирање на акредитацијата**
*2.1.1 Суспендирање на акредитацијата од страна на ИАРМ*
*2.1.2 Суспендирање на акредитацијата на барање на корисникот на услугата*
*2.1.3 Суспендирање на акредитацијата во случај на неисполнување на обврските на корисникот на услугата кон ИАРМ*
**2.2 Повлекување на акредитацијата**
*2.2.1 Повлекување на акредитацијата од страна на ИАРМ*
*2.2.2 Повлекување на акредитацијата на барање на акредитираното тело*
**2.3 Скратување на опсегот на акредитација**

# 1. ЦЕЛ

Целта на оваа процедура, издадена од страна на директорот на Институтот за акредитација на Република Македонија (во понатамошниот текст: ИАРМ) на основа на член 23 од Статутот на ИАРМ, е да ги дефинира активностите во случај на суспендирање и повлекување на акредитацијата.

# 2. ПРИЧИНИ ЗА СУСПЕНДИРАЊЕ И ПОВЛЕКУВАЊЕ НА АКРАДИТАЦИЈАТА

Директорот на ИАРМ, донесува одлука за суспендирање или повлекување на акредитацијата на образец ОБ 05-13-1, ако се утврдило дека акредитираното тело постојано не ги исполнува барањата за акредитација, не ги почитува правилата за акредитација и сериозно ги прекршува своите обврски определени во договорот за акредитација.
Суспендирањето, повлекувањето или скратувањето на акредитацијата се врши на тој начин што членовите на тимот за оцена или водечкиот оценувач и комисијата за акредитација, ги пополнуваат обрасците ОБ 05-17 и ОБ 05-17-1 соодветно со кои даваат препораки до директорот за суспендирање, повлекување или скратување на акредитацијата. Конечната одлука ја носи директорот.

## 2.1 Суспендирање на акредитацијата

*2.1.1 Суспендирање на акредитацијата од страна на ИАРМ*
По правило при надзорната оценка водечкиот оценувач и членовите на тимот за оцена, кога се идентификувани несообразности, го определуваат времетраењето на отстранување на несобразностите. Времетраењето на отстранување на несообразностите е најмногу два месеца. Доколку несообразностите во овој рок не се отстранети директорот на ИАРМ донесува одлука за суспензија на акредитацијата.

Доколку тимот (комисијата) за оцена од ИАРМ, при надзор, или на друг начин, ( при жалби и друго), утврди неисполнување на барањата за акредитација или несообразности кои директно влијаат на резултатите од акредитираните активности, може веднаш да му предложи на ИАРМ да ја суспендира доделената акредитација, во целост или за дел од акредитираниот опсег.

Одлуката за целосно или делумно суспендирање на акредитацијата ја донесува директорот на ИАРМ. Суспензијата е привремено повлекување на акредитацијата со рок не подолг од шест месеци.
По донесената одлука за суспендирање на акредитацијата за целиот опсег, ИАРМ го известува акредитираното тело за суспензијата и истовремено, во регистарот на акредитирани тела на интернет страницата на ИАРМ, покрај името на суспендираното акредитирано тело, се објавува суспензијата и датумот на суспендирање на акредитацијата и се оневозможува пристапот до прилогот на сертификатот. Во тој период акредитираното тело на смее да го употребува знакот за акредитација или на кој било друг начин да се повикува на акредитацијата.

Во случај на делумно суспендирање на акредитацијата, во регистарот на акредитирани тела на интернет страницата на ИАРМ, (во Прилогот кон сертификатот на акредитираното тело) суспендираната метода се обележува со црвена бија и под неа се впишува „Суспендирана“.
Ако суспендираното акредитирано тело во определениот рок, ги отстрани причините за суспендирање, ИАРМ ја воспоставува првобитната состојба .

*2.1.2 Суспендирање на акредитацијата на барање на* акредитираното тело

Акредитираното тело има право да бара суспендирање на акредитацијата, кога самото ќе утврди дека не ги исполнува барањата за акредитација или поради други причини. Притоа тоа е должно написмено да го извести ИАРМ за тоа. Во случај на суспендирање на акредитацијата по барање на акредитираното тело, во регистарот на акредитирани тела на интернет страницата на ИАРМ, се објавува суспензијата и датумот на суспендирање на акредитацијата, со назнака дека е по барање на акредитираното тело.

*2.1.3 Суспендирање на акредитацијата во случај на неисполнување на обврските на акредитираното тело кон ИАРМ*

До суспендирање на акредитацијата доаѓа и во случаи кога акредитираното тело не ги исполнува обврските кои се дефинирани со договорот, (не известува за промените кои се поврзани со околностите кои лесно може да влијаат на неговата оспособеност, како што се промените на правниот, деловниот или организацискиот статус на акредитираното тело, раководењето, клучните раководни лица). До суспендирање на акредитацијата доаѓа и во случај кога корисникот на услугата не ги исполнува финансиските или други општи обврски поврзани со процедурата за акредитација, кои сами по себе не значат несообразност во однос на стандардот.

Кога ИАРМ ќе утврди дека акредитираното тело не го известува за промените кои се дефинирани со договорот и тоа се повторува, со што ИАРМ ја губи довербата во работата на акредитираното тело, водечкиот оценувач предлага суспендирање на акредитацијата. Во случај на неисполнување на финансиските обврски се преземаат следниве активности: Во рок од еден месец од неисполнување на финансиските обврски од договорот, раководителот на одделението за за финансиски работи по телефон го известува и написмено го опоменува акредитираното тело. Во рок од два месеца по неисполнување на обврските од договорот од страна на корисникот на услугата следува втора пишана опомена. Доколку обврските не се исполнети и во рок од три месеци, директорот донесува одлука за суспендирање на акредитацијата со рок не подолг од 6 од месеци.
Ако акредитираното тело ги отстрани причините за суспендирање од финансиски аспект т.е. ги исполни обврските во рок не подолг од 6 од месеци, директорот донесува одлука за враќање во првобитна состојба. Постапката се врши на ист начин како и при донесување на одлука за суспендирање или повлекување на акредитацијата.

## 2.2 Повлекување на акредитацијата

ИАРМ може да ја повлече акредитацијата и со тоа да го раскине договорот за акредитација.
По повлекувањето на акредитацијата, телото на кое му била повлечена акредитацијата повторно може да поднесе пријава за акредитација, во период не пократок од шест месеци од датумот на повлекувањето. Пријавата во овој случај се обработува по вообичаена процедура како нова пријава.

### *2.2.1 Повлекување на акредитацијата од страна на ИАРМ*

Доколку по истекот на определениот рок не се отстранети причините за суспендирање, директорот донесува одлука за повлекување на акредитацијата. ИАРМ за одлуката го известува акредитираното тело и истовремено го отстранува од регистарот на акредитирани тела и својата одлука ја објавува на интернет страната. Од корисникот на услугата се бара во рок од 8 дена да ги врати сите сертификати за акредитација.

Директорот на ИАРМ може моментално да ја повлече акредитацијата, кога постојат докази дека акредитираното тело не ги исполнува барањата на стандардот и кога постои голема веројатност дека резултатите и одлуките на акредитираното тело не се точни со што ИАРМ ја губи довербата во понатамошната работа на акредитираното тело.
Одлука за моментално повлекување на акредитацијата се донесува на предлог на комисијата за акредитација кога на различни начини ќе се утврди поголемо отстапување од барањата за акредитација, кои се поврзани со :

- правниот, деловниот или организациониот статус на акредитираното тело
- политиката и процедурите
- овластените потписници
- персоналот, опремата, способноста и др.

По донесената одлука за повлекување на акредитацијата, ИАРМ го известува акредитираното тело и истовремено го отстранува од регистарот на акредитирани тела и својата одлука ја објавува на интернет страната.
Од телото на кое му била повлечена акредитацијата се бара, во рок од 8 дена да ги врати сите сертификати за акредитација.

### *2.2.2 Повлекување на акредитацијата на барање на акредитираното тело*

Акредитираното тело има право да бара да му се повлече акредитацијата и барањето мора да го достави во писмена форма. Директорот донесува одлука за повлекување на акредитацијата на предлог на водечкиот оценувач и комисијата за акредитација.

## 2.3 Скратување на опсегот на акредитацијата

До скратување на опсегот на акредитација на акредитираното тело доаѓа по неотклонување на причините за суспендирање на акредитацијата за дел од опсегот на акредитација.

До скратување на опсегот на акредитација на акредитираното тело доаѓа и на барање на акредитираното тело.

По скратувањето на дел од опсегот на акредитацијата акредитираното тело може повторно да поднесе пријава за проширување за истиот дел од опсегот на акредитација, во период не пократок од шест месеци од датумот на скратувањето на делот од опсегот. Пријавата во овој случај се обработува по вообичаена процедура како пријава за проширување на опсегот на акредитација.